**Република Косово**
***Влада***
***Министерство за внатрешни работи***

---

**АДМИНИСТРАТИВНО УПАТСТВО**
**Бр. 11/2010 – МВР**
**ЗА ПОСЕБНА ДОЗВОЛА**

**РЕПУБЛИКА КОСОВО**
**ВЛАДА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 69, став 5 од Законот за оружје бр. 03/L-143 и член 25 став 7 од Правилникот за работа на Владата на Република Косово бр. 01/2007, го издава следново:

**АДМИНИСТРАТИВНО УПАТСТВО**
**Бр. 11/2010 – МВР**
**ЗА ПОСЕБНА ДОЗВОЛА**

**Член 1**
**Цел**

1. Ова административно упатство ги утврдува процедурите, условите за издавање и користење на посебната дозвола.

2. Ова административно упатство не се однесува на посебната дозвола за трговија на оружје од категорија А, како што е дефинирано во член 55 од Законот за оружје.

**Член 2**
**Дефиниции**

**1. Термините што се користат во ова Административно упатство го имаат следново значење:**

**1.1. Надлежен орган** – се однесува на Министерството за внатрешни работи.

**Член 3**
**Општи барања на посебната дозвола**

1. Посебната дозвола е документ кој го издава надлежниот орган, кој се состои од 50 страници – А5 формат, којшто се користи за барање за овластување за превоз на дозволено оружје.

2. Овластувањето се доделува за превоз на дозволено оружје од постојаната адреса на физичкото лице, од главното деловно седиште на правното лице или од овластеното

складиште до цивилното стрелиште, областа за лов, изложба или сервисот и назад до првичната локација на оружјето.

3. Во случај на продажба на оружје помеѓу физички и/или правни лица, купопродажниот договор заверен од надлежниот суд служи како замена на овластувањето за еднократен превоз од постојаната адреса или деловното седиште на тековниот носител на дозволата до постојаната адреса или деловното седиште на носителот на дозволата.

4. Надлежниот орган ја издава посебната дозвола на физичкото или правното лице, само на лицата коишто поседуваат дозвола за лов или спортско стрелаштво, дозвола за колекција на оружје или дозвола за поседување на огнено оружје. Ваквата посебна дозвола се издава автоматски и заедно со претходно пропишаните дозволи.

5. Посебната дозвола важи само за контактно оружје од категорија Г3, чијашто севкупна должина е поголема од 15 cm, со исклучок на оружјето коешто го поседуваат членовите на регистрирани здруженија и клубови. За овие членови, нивната членска карта ја заменува посебната дозвола.

6. Потребно е овластување во посебната дозвола за секој посебен превоз на дозволеното оружје во двата правци.

7. Посебната дозвола важи само заедно со релевантната дозвола за оружје и мора секогаш да се носи заедно со релевантната дозвола.

8. Носителот на посебната дозвола е обврзан да го покаже документот на полицискиот службеник по барање за време на рутинска проверка на безбедноста во сообраќајот или за време на било каква друга полициска контрола. Носителот на посебната дозвола ја информира косовската полиција за превозот на дозволеното оружје и ја покажува посебната дозвола заедно со релевантната дозвола за поседување оружје.

9. Во случај кога се искористени сите страници од посебната дозвола, тогаш се издава нова посебна дозвола. Старата дозвола се чува во период од најмалку 3 години за цели на водење евиденција од страна на надлежниот орган.

**Член 4**
**Барање за овластување документирано во посебната дозвола**

1. Секој кандидат бара од полицијата овластување коешто се документира во посебната дозвола во локалната полициска станица во близина на местото на живеење, деловното седиште или местото на овластеното складиште за оружје.

2. Овластувањето документирано во посебната дозвола може да се бара за условите и датумите кога ќе се врши превоз на оружјето.

3. Овластувањето документирано во посебната дозвола може да се побара однапред за период од 6 месеци со образецот од Прилог Б кон ова Административно упатство.

4. Кога се аплицира за овластување коешто се документира во посебната дозвола, од кандидатот може да се побара да ги достави следниве документи на полицискиот службеник:

4.1. Релевантна дозвола за поседување оружје

4.2. Други документи со кои се потврдува местото на живеење или деловното седиште или овластеното складиште.

5. Овластувањето доделено од одговорниот полициски службеник ги содржи следниве точки:

5.1. Датум

5.2. Причина и локација (укажувајќи на местото до каде и од каде ќе се врши превоз на оружјето)

5.3. Потпис и службен број на одговорниот полициски службеник

5.4. Печат

6. Овластувањето документирано во посебната дозвола мора да биде одобрено или одбиено од страна на одговорниот полициски службеник, во период од 3 работни дена по поднесување на барањето од страна на кандидатот. (Прилог А).

7. Одбивањето на Овластувањето коишто се документира во посебната дозвола мора да биде доставено во пишана форма (Образец прикачен како Прилог В).

8. Во случај на одбивање, кандидатот има право да поднесе жалба согласно Административното упатство, до Комисијата за разгледување и Комисијата за жалби Бр. 08/2010.

**Член 5**
**Повлекување на овластувањето документирано во посебната дозвола**

1. Надлежниот орган е овластен да ги повлече овластувањата коишто се документирани во посебната дозвола, а коишто биле претходно доделени од причини поврзани со јавната безбедност. Повлекувањето се дава во пишана форма.

2. Во случај на повлекување на овластувањето, кандидатот има право да поднесе жалба согласно Административното упатство, до Комисијата за разгледување и Комисијата за жалби Бр. 08/2010.

**Член 5**
**Влегување во сила**

Ова Административно упатство влегува во сила од денот на негово потпишување од страна на Министерот за внатрешни работи.

Приштина

Датум: 12/05/2010

----------------------------------------
Бајрам Реџепи
Министер за внатрешни работи
*[потпис и печат]*

Прилог А

**Министерство за внатрешни работи**
**Сектор за јавна безбедност**

# ПОСЕБНА ДОЗВОЛА
# Бр. RKS 000000001

| | Датум | Причина | Печат<br>Потпис на<br>одговорното лице |
|---|---|---|---|
| Име:<br><br>Адреса: | | | |
| **Оружје**<br>Категорија:<br><br>Производство: | | | |
| Модел:<br><br>Сериски број:<br><br>Калибар: | | | |
| Вид на дозвола:<br><br>Дозвола бр.: | | | |

Прилог Б

**РЕПУБЛИКА КОСОВО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Орган што издава дозвола:

Образец број:

Датум:

**<u>БАРАЊЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ДОКУМЕНТИРАНО ВО ПОСЕБНАТА ДОЗВОЛА</u>**

| | |
|---|---|
| **Име<br>1) физичко лице<br>2) правно лице<br>*заокружете едно од наведените** | |
| **Вид на дозвола** | |
| | Дозвола за лов |
| | Дозвола за спортско стрелаштво |
| | Дозвола за поседување оружје |
| | Дозвола за колекција на оружје |
| | Дозвола за оружје од категорија Г |
| **Број на дозволата** | |
| **Адреса<br>1) место на живеење<br>2) деловно седиште<br>3) складиште<br>*заокружете едно од наведените** | Улица и број |
| | Општина |
| | Поштенски број |

| | | |
|---|---|---|
| **Категорија Б** | **Б1** | Полуавтоматско или репетиторско кратко огнено оружје |
| | **Б2** | Кратко огнено оружје со единично и централно пукање |
| | **Б3** | Кратко огнено оружје со единично и рабно пукање чија севкупна должина е помала од 28 cm |
| | **Б4** | Полуавтоматско долго огнено оружје чиј магацин и комора може да содржат повеќе од три куршуми |
| | **Б5** | Полуавтоматско долго огнено оружје чиј магацин и комора не може да содржат повеќе од три куршуми, каде уредот за полнење е отстранлив, соодветно ова оружје може да се опреми со обични алатки и да се промени во оружје чиј магацин и комора може да содржат повеќе од три куршуми |
| | **Б6** | Репетирачко или полуавтоматско долго огнено оружје со мазна цевка, долго не повеќе од 60 cm |
| | **Б7** | Пневматско огнено оружје со енергија на проектилот над 7.5 J и калибар над 4.5 mm |
| **Категорија В** | **В1** | Репетирачко долго огнено оружје, поинакво од наведеното во Категорија Б6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **В2** | Долго огнено оружје со единично пукање и цевка со жлебови |
| | **В3** | Полуавтоматско долго огнено оружје, поинакво од наведеното во Категорија Б4, Б5 и Б6 |
| | **В4** | Кратко огнено оружје со единично и рабно пукање, чија севкупна должина не е помала од 28 cm |
| | **В5** | Кратко огнено оружје со единично пукање со мазна цевка |
| | **В6** | Пневматско оружје со енергија на проектилот до 7.5 J и со калибар до 4.5 mm |
| | **В7** | Оружје за светлосна и акустична сигнализација |
| | **В8** | Прилагодувачи |
| **Категорија Г** | **Г3** | Ладно оружје ограничено на контактно оружје, со вкупна должина повеќе од 15 cm |

| | |
|---|---|
| **Вид** | |
| **Производство** | |
| **Модел** | |
| **Сериски број** | |
| **Калибар** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вид на релевантна дозвола** | | Број |
| | | Важи до |

| | |
|---|---|
| Причина | Лов |
| | Спортско стрелаштво |
| | Поправка |
| | Изложба |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпис**<br><br>**Во случај на институција примател:**<br>**печат и службен број** | | |
| **Име и презиме** | | |
| | **Лице коешто поднесува барање (одговорно лице)** | **Институција којашто го прима барањето** |

Види датум на следната страница

| | | |
|---|---|---|
| | | ЕВРА |

# Годишен планер за 2010 година

| | По | В | С | Ч | Пе | Са | Н | По | В | С | Ч | Пе | Са | Н | По | В | С | Ч | Пе | Са | Н | По | В | С | Ч | Пе | Са | Н | По | В | С | Ч | Пе | Са | Н | По | В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јан | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| Фев | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | | | | | | | | | |
| Мар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | | | | | |
| Апр | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | | | |
| Мај | | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |
| Јун | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | | | | | |
| Јул | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | | |
| Авг | | | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| Сеп | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | | | | |
| Окт | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| Ное | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | | | | | | |
| Дек | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | | | |

Прилог В

**ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ДОКУМЕНТИРАНО ВО ПОСЕБНАТА ДОЗВОЛА**

Барање за овластување коешто се документира во посебната дозвола:

| | |
|---|---|
| Датум | |
| Барање бр. | |
| Име<br>1) физичко лице<br>2) правно лице<br>*заокружи едно од наведените | |
| Адреса | |
| Категорија | |
| Производство | |
| Модел | |
| Сериски бр. | |
| Калибар | |
| Дозвола | Лов |
| | Спортско стрелаштво |
| | Поправка |
| | Изложба |
| Број | |
| ОДБИЕНО | |
| Причина | |
| **Потпис** | |
| **Име и презиме** | |
| | **Институција којашто го издава овластувањето** |